# Стринг арт (String art)

## Математика во уметноста или уметност во математиката

**НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ:**
**ДАНИЕЛА ДИМИШКОВСКА И МАЈА КРСТЕВСКА ОД ОУ „НАУМ ОХРИДСКИ“, БУЛАЧАНИ**
**НИМЕТ ДОГАНИ И НЕЏАРИЈЕ САИТИ ОД ОУ „26 ЈУЛИ“, ШУТО ОРИЗАРИ, СКОПЈЕ**

**Одделение и предмет**
Осмо и деветто одделение (28 ученици – 14 МАК и 14 АЛБ)
Математика

**Заедничка вонннаставна активност**

**Преглед на активноста**
Проектот под наслов Стринг арт (техника на дизајнирање со конец) е планиран со цел да се промовира идејата за применливост на математиката на сите полиња во животот, па и во уметноста, конструктивната техника, компјутерскиот софтвер и др., а на крај, како можност, од сето тоа да произлезе едно забавно и профитабилно хоби.
Конец, подлога од стиропор или иверка, шајчиња и шпен игли, избор на мотив, добро осмислена шема и заедничка работа на учениците. Како од повеќе прави линии да се добие крива линија; а од повеќе линии од конец, уметничка творба?
Учениците заеднички креираа шеми базирани на традиционални мотиви од ова поднебје – мотиви што ја изразуваат македонската и албанската култура и традиција, како и универзални мотиви (слобода, љубов, мир, пријателство, природа и сл.).
Соработувајќи во парови, учениците при плетењето на конецот заеднички посветуваа внимание и се договараа за бројот на статични точки, за редоследот на правите, за бројот на точки што ќе се прескокнуваат за да се добијат одредени кривини, за паралелност на конецот онаму каде што е потребна, а сé со цел заеднички осмислената шема да се претвори во уметничка творба.
Низ шест заеднички средби и дополнителна електронска комуникација помеѓу учениците од двете училишта, се создаваа уметничките творби, а воедно се развиваа и нови пријателства. Творбите беа прикажани на заедничка изложба, која беше сведок не само на нивната креативност и незаборавното дружење туку и на чувството на гордост од заеднички постигнатиот успех, т.е. сработеното, како најголеми придобивки.





# String art (String art)

## Matematika në art ose arti në matematikë

**MËSIMDHËNËS REALIZUES:**
**DANIELA DIMISHKOVSKA DHE MAJA KRSTEVSKA NGA SHF „NAUM OHRIDSKI“ F.BULLAÇANI, SHKUP; NIMET DOGANI DHE NEXHARIJE SAITI NGA SHF „26 KORRIKU“, SHUTO ORIZARË, SHKUP**

**Klasa dhe lënda**
Klasa e tetë dhe e nëntë (28 nxënës – 14 MAQ dhe 14 SHQ)
Matematikë

**Aktivitet jashtëmësimor i përbashkët**

**Pasqyra e aktivitetit**
Projekti me titull String art (teknika e disenjimit me pe) është planifikuar me qëllim që të promovohet ideja për zbatimin e matematikës në të gjitha fushat e jetës, pra edhe në art, në teknikën konstruktive, softuerin kompjuterik etj., e në fund, si mundësi, prej gjithë kësaj të dalë një hobi argëtues dhe fitimprurës.
Peri, baza nga stiropori ose bujashkat, gozhdët e vogla dhe gjilpëra me kokë, zgjedhja e motivit, skema e menduar mirë dhe puna e përbashkët me nxënësit. Nga më shumë vija të drejta, si të fitohet vija e shtrembët; ndërsa nga më shumë vija të perit, si të bëhet krijimi artistik?
Nxënësit bashkë bënë kreacione skemash mbi bazë të motiveve tradicionale nga ky nënqiell – motive që e shprehin kulturën dhe traditën maqedonase dhe shqiptare, si dhe motive universale (liria, dashuria, paqja, miqësia, natyra e të ngjashme).
Duke bashkëpunuar në çifte, nxënësit gjatë thurjes së perit bashkë i kushtonin kujdes përqendrimit dhe merreshin vesh për numrin e pikave statike, për renditjen e drejtëzave, për numrin e pikave që do të kërcehen për të fituar kthesa të caktuara, për paralelizmin e perit aty ku është i nevojshëm, krejt me qëllim që skema e menduar bashkë të shndërrohet në krijim artistik.
Përmes gjashtë takimeve të përbashkëta dhe komunikimit elektronik plotësues ndërmjet nxënësve të të dy shkollave, u bënë gati krijimet artistike e, në të njëjtën kohë, u zhvil-



Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education